# ЗЕЛС

ГЛАСИЛО

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# BNJVL

GAZETË

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SE MAQEDONISË






04 • 2010

ПОДГОТОВКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

## „САКАЈ ЈА МАКЕДОНИЈА, УЖИВАЈ ВО СВОЈАТА ТАТКОВИНА"

ОПШТИНИТЕ ЌЕ ГО РАЗГЛЕДУВААТ ТЕКСТОТ

## НА НОВИОТ ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

PËRGATITJE PËR REALIZIMIN E PROJEKTIT

## "DUAJE MAQEDONINË, KËNAQU NË ATDHEUN TËND"

KOMUNAT DO T'A SHQYRTOJNË TEKSTIN

## E PROPOZIM LIGJIT TË RI PËR TOKË NDËRTIMORE

Почитувани,

ЗЕЛС и во изминатиот период реализираше голем број на активности, а особено значење имаше седмата седница на Управниот Одбор на ЗЕЛС, од која произлегоа голем број на предлози, кои во писмена форма беа упатени до централната власт. На оваа седница присуствуваше и министерот за локална самоуправа, Муса Џафери, заедно со претставници од Државниот завод за ревизија и од Министерството за финансии, кои со градоначалниците дискутираа за заклучоците на Владата, дадени по извештајот за ДЗР, во делот наменет за локалните власти. Констатираните заклучоци ЗЕЛС ги достави до надлежните институции, каде го потенцира предлог од министерот Џафери да се формира Комисија за надминување на финансиската нестабилност на општините, која ќе утврди препораки за оние општини каде се воочени најголеми проблеми, но и на оние општини кои засега немаат услови за премин во втората фаза од фискалната децентрализација.

Во изминатиот период општините се справуваа со заканите од излевање на реките, па и на Охридското Езеро и поплавување на населени места и земјоделско земјиште, за што во рамките на ЗЕЛС беа одржани средби со директорите и претставниците од Центарот за управување со кризи и од Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС) и се координираа активностите со цел избегнување на негативните последици од ваквите временски услови .



Од особена важност беше и работилницата што ЗЕЛС, со поддршка на Проектот за локална самоуправа на УСАИД, ја организира за претставниците на локалните власти и претставници од Мнистерството за транспорт и врски, предводени од министерот Јанакиески. На оваа средба се дискутираше по најновиот текст на законот за градежно земјиште. По анализата на сите предлози кои произлегоа од оваа работилница, текстот на предлогот на законот ќе биде доставен на разгледување до сите градоначалници и до членовите на соодветните Мрежи на ЗЕЛС, од оваа област, за што наскоро ќе бидат организирани и четири јавни трибини. Од не помало значење беше и советувањето околу имплементацијата на Законот за јавна чистота, што ЗЕЛС го организира во салата на Советот на Град Скопје, каде комуналните инспектори, претставници од МТВ и од министерството за внатрешни работи заедно со градоначалниците и компетентните претставници од општините, дискутираа за проблемите во оваа област и можностите за нивно надминување. Состаноци во ЗЕЛС оддржаа и Комисијата за образование и Комисијата за рурален развој, кои дискутираа за своите потреби за натамошно подобрување на состојбите во овие области за подобро функционирање на локалната власт.

Она што е сега актуелно во ЗЕЛС, се подготовките за реализација на Проектот "Сакај ја Македонија, уживај во својата татковина". Предвидена е неговата реализација да се одвива во осум последователни сабoти, на Плоштадот „Македонија", во Скопје, каде општините од секој регион ќе имаат можност да ги претставаат своите активности, достигнувања, проекти и економски, културни, уметнички и гастрономски богатства со кои располага општината, пред домашните и странски посетители.

За ова и за бројни други информации за локалните власти, ќе можете подетално да се запознаете од следните страници на Вашето и наше Гласило.

Со почит,

Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

BNJVL edhe në periudhën e kaluar realizoi aktivitete të shumta, dhe veçanërisht me rëndësi ishte seanca e shtatë e Bordit drejtues të BNJVL-së, nga ku dolën shumë propozime, të cilat në formë të shkruar ishin dorëzuar deri te pushteti qendror. Në këtë seancë morri pjesë edhe ministri për vetëqeverisje lokale, Musa Xhaferi, së bashku me përfaqësuesit nga Enti shtetëror për revizion dhe nga Ministria për financa, të cilët me kryetarët e komunave diskutuan për konkluzionet e Qeverisë, të dhëna pas raportit të EShR, në pjesën dedikuar për pushtetet lokale. Konkluzionet e konstatuara BNJVL i dërgoi deri te institucionet kompetente, ku e potencoi propozimin nga ministri Xhaferi të formohet Komision për tejkalimin e jostabilitetit financiar të komunave, i cili do të përcakton rekomandime për ato komuna ku janë drejtuar probleme më të shumta, por edhe të atyre të cilat deri më tani nuk kanë kushte për kalim në fazën e dytë nga decentralizimi fiskal.

Në periudhën vijuese komunat u ballafaquan me kërcënimet nga derdhjet e lumenjve, por edhe të Liqenit të Ohrit dhe vërshimeve në vende të banuara dhe tokë bujqësore, me çka në kuadër të BNJVL-së ishin mbajtur takime me drejtorët dhe përfaqësuesit nga Qendra për menaxhim me kriza dhe nga Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim dhe u koordinuan aktivitetet me qëllim shmangien e pasojave negative nga kushtet e këtilla kohore.

Me rëndësi të veçantë ishte edhe punëtoria që BNJVL, me përkrahje të Projektit për vetëqeverisje lokale të USAID, që organizoi për përfaqësuesit e pushteteve lokale dhe përfaqësuesit nga Ministria për transport dhe lidhje, të udhëhequra nga ministri Janakieski. Në këtë takim u diskutua sipas tekstit më të ri nga ligji për tokë ndërtimore. Pas analizës së propozimeve që dolën nga kjo punëtori, teksti i propozimit të ligjit do të jetë i dorëzuar në shqyrtim deri te të gjithë kryetarët dhe deri te anëtarët e rrjeteve përkatëse të BNJVL-së, nga kjo fushë, me ç'rast shumë shpejt do të organizohen edhe katër tribuna publike. Me rëndësi jo aq të vogël ishte edhe këshillimi rreth implementimit të Ligjit për pastrim publik, që BNJVL e organizoi në sallën e Këshillit të Qytetit të Shkupit, ku inspektorët komunal, përfaqësues nga MTL dhe nga ministria për punë të brendshme së bashku me kryetarët e komunave dhe përfaqësuesit kompetent nga komunat, diskutuan për problemet në këtë fushë dhe mundësitë për tejkalimin e tyre. Mbledhje në BNJVL mbajtën edhe Komisioni për arsim dhe Komisioni për zhvillim rural, të cilët diskutuan për nevojat e tyre për përmirësimin e mëtutjeshëm me gjendjen në këto fusha për funksionim më të mirë të pushtetit lokal.

Kjo tani që është aktuale në BNJVL, janë përgatitjet për realizimin e projektit "Duaje Maqedoninë, kënaqu në atdheun tënd". Është parashikuar edhe realizim për t'u zhvilluar në tetë të shtuna vijuese, në sheshin „Maqedonia", në Shkup, ku komunat nga secili rajon do të kenë mundësi t'i paraqesin aktivitetet e tyre, arritjet, projekte, si dhe pasuritë ekonomike, kulturore, artistike me të cilat disponon komuna, para vizitorëve vendor dhe të huaj.

Për këtë dhe informacione të shumta për pushtetet lokale, do të mundeni më detajisht të njoftoheni nga faqet vijuese të Gazetës tonë dhe tuajën.

Me respekt,

Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 66, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**Извршен директор на ЗЕЛС**
Душица Перишиќ

**Заменик извршен директор на ЗЕЛС**
Ардита Дема

**Уреднички колегиум**
Весна Арсовска - Динковска, Виктор Арнаудовски

**Дизајн и подготовка за печат**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**Печати**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së**
Dushica Perishiq

**Zëvendës drejtor ekzekutiv**
Ardita Dema

**Bordi redaktues**
Vesna Arsovska - Dinkovska, Viktor Arnaudovski

**Pergatitje per shtyp**
PRINT CENTAR

**Shtyp**
PRINT CENTAR



# ОДДРЖАНА СЕДМАТА СЕДНИЦА НА УО НА ЗЕЛС

Седмата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС се оддржа на 1 март, 2009 година во просториите на ЗЕЛС, на која на почетокот присуствуваше и министерот за локална самоуправа, Муса Џафери, заедно со претставници од Државниот завод за ревизија и од Министерството за финансии, со цел да се продискутира за заклучоците на Владата ,дадени по извештајот за ДЗР, во делот наменет за локалните власти. Министерот Џафери нагласи дека локалните власти треба да вложат дополнителни напори за надминување на утврдените состојби во општините, поврзани со Законот за внатрешна финансиска контрола, при што посочи дека министерството и Владата се секогаш отворени за соработка и помош. Од страна на членовите на УО беше укажано дека општините се соочуваат со непостоење на адекватен стручен кадар на пазарот на трудот и слабата финансиска моќ на општините, по што беше заклучено дека е потребно доизградување на капацитетите на општините во областа на финансиското работење и внатрешната ревизија, организирање на тематски работилници за детална обработка на прашања од областа на финансиското работење. Исто така се побара ДЗР да им излезе во пресрет на барањата на општините за спроведување на ревизија, а беше побарано и да се формира Комисија за надминување на финансиската нестабилност на општините, која ќе утврди препораки за оние општини каде се воочени најголеми проблеми, но и на оние општини кои немаат услови за премин во втората фаза од фискалната децентрализација.

-Како точка на дневен ред беше поставена и актуелната состојба со евентуални поплави во РМ, за што присуствуваа и директорите на ЦУК и на Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС). Беше договорено ЗЕЛС да ги повика општините да обезбедат по 20 луѓе за кои ДЗС ќе изврши обука и ќе обезбеди нивна опременост, а исто така беше потенцирана потребата од изработка на планови за превентивно делување и спречување и проценка на степеност на загрозеност што општините ќе што може да го направат во соработка со подрачните единици на ЦУК и на ДЗС.

- На седницата присуствуваа и претставници од организациониот одбор на проектот ,,Ден на дрвото", кои добија поддршка за иницијативата мартовското засадување на садници да добие и забавен карактер, каде ќе бидат вклучени и претставници од пограничните општини од соседните држави, како и да се организираат разни форми на натпревари на училиштата на оваа тема, со цел продлабочена едукација на децата за значењето на шумите.

-Подршка доби и предлогот за организирање на манифестација за промоција на општините по региони, што би се одвивала на плоштадот Македонија ,во Скопје, за време на осум последователни викенди, започнувајќи од месец април.

- Во однос на барањето на општина Гостивар поврзано со измените во методологијата за распределбата на средствата од ДДВ, каде сите општини добија стартна сума од 3 милиони денари а понатаму се применуваат утврдените критериуми, ЗЕЛС беше задолжен да направи опсежни компаративни анализи пред одлучувањето за тоа какво мислење ќе



се даде за распределбата на ДДВ- то за 2011 година. Беше дискутирано дека ова прашање е поврзано и со обезбедувањето на поголема финансиска независност на општините, при што беше потегнато и прашањето за распределувањето за средствата од рамномерен регионален развој. Беше потенцирана потребата да се создадат законски услови постапката за оценка на проектите да се врши на ниво на телата и органите на регионите, кои самостојно ќе го утврдат својот приоритет, како и регионот самостојно да располага со средствата, кои согласно законот ќе му бидат распределени.

-Членовите на УО беа запознаени и со постапката за формирање на Комитетот на советите, како самостоен орган при ЗЕЛС.

-Исто така, беше разгледана информацијата дека советите на 84 општини во РМ донесоа одлика за потврдување на статусот членка на ЗЕЛС, а се говореше и за актуелните прописи со кои се врши дополнително ускратување на изворни приходи на Општините, за што ЗЕЛС бара да се укине надоместокот за општините за користење на услугите на Агенцијата за катастар при барање за издавање на нумерички податоци.

- Во однос на точката за разговорите со Владата и Ад-Хок Комисијата ЗЕЛС-ЕВН Македонија, беа посочени и нови моменти, меѓу кои дека во постапките кон индивидуални корисници, каде ЕВН го утужува само своето сопствено побарување, а не и износот на комунална такса, за општините што се оштетени, истото да се прошири. Детално да се разгледа договорот за продажба на ЕСМ и доколку има основ да се побара половина од старите долгови да ги надомести РМ, како и да се инсистира ЕВН Македонија да се откаже од каматите, а соодветно да се регулираат и побарувањата на ЕЛЕМ. Членовите на УО дадоа подршка на предлозите за давање согласност од надлежен орган за задолжување на овие општини кај банки заради нивно раздолжување.

-Исто така беше заклучено ЗЕЛС да испрати препорака до општините, да отворат посебни жиро сметки на кои Републичкиот совет за превенција во сообраќајот ќе им префрла пари заради надомест и планирање на надоместоци.

-Во однос на иницијативата за донесување на законот за измени и дополнување на Законот за судски такси , УО се изјасни позитивно, за што ќе се покрене и иницијатива до надлежното министерство.

-Управниот одбор даде целосна поддршка на активностите поврзани со основањето на институцијата, ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР, при што беше изнесено УО да ги повика сите поддржувачи на ЗЕЛС да дадат свој придонес во нејзиното воспоставување и развој.

-Членовите на УО се запознаа и со иницијативата од Македонско кредитно биро, сите општини бесплатно да се зачленат, со што ќе се овозможи општината и јавните претпријатија да бидат заштитени од субјектите кои и должат по основ на надоместоци , согласно законот истите да не можат да се задолжуваат кај банки и други субјекти доколку претходно не се раздолжат кон општината или ЈП. МКБ нуди техничка помош околу формирањето на базите на податоци, а од општините се бара само писмена согласност .

# U MBAJT
# SEANCA SË SHTATË TË BD TË BNJVL-SË

Seanca e shtatë e Bordit drejtues të BNJVL-së u mbajt më 1 mars, 2010 në hapësirat e BNJVL-së, në të cilën fillimisht morrën pjesë ministri për vetëqeverisje lokale, Musa Xhaferi, së bashku me përfaqësuesit e Entit Shtetëror për Revizion dhe të Ministrisë për financa, me qëllim që të diskutohet për konkluzionet e Qeverisë, të parashtruara në raportin e ESHR, në pjesën e dedikuar për pushtetet lokale. Ministri Xhaferi theksoi se pushtetet lokale duhet të investojnë përpjekje plotësuese për tejkalimin e gjendjeve në komuna, lidhur me Ligjin për kontrollë të brendshëm financiar, me ç'rast përmendi se ministria dhe Qeveria janë çdoherë të hapura për bashkëpunim dhe ndihmesë. Nga ana e anëtarëve të BD u theksua se komunat ballafaqohen me mosekzistimin e kuadrit adekuat profesional në tregun e punës dhe fuqinë e dobët financiare të komunave, me ç'rast u konkludua se është i duhur mbindërtimi i kapaciteteve të komunave në lëminë e punës financiare dhe revizionit të brendëshëm, organizimin e punëtorive tematike për përpunim detajues të çështjeve nga lëmia e punës financiare. Gjithashtu nga ESHR u kërkua që t'u dalë në vigjilje kërkesave të komunave për zbatimin e revizionit, ndërsa u kërkua që të formohet edhe Komision për tejkalimin e jostabilitetit financiar të komunave, që do të përcaktojë rekomandime për ato komuna ku ekzsitojnë probleme më të mëdha, por edhe komunave të cilat nuk kanë kushte për kalim në fazën e dytë të decentralizimit fiskal.

- Si pikë në rend të ditës u vendos edhe gjendja aktuale me vërshimet eventuale në RM, në të cilën morrën pjesë edhe drejtortët e QMK dhe Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim. U morrën vesh që BNJVL t'i thërret komunat të sigurojnë 20 persona për të cilët DMSH do të kryej trajnime dhe do të sigurojë pajisje të tyre, por gjithashtu u potencua edhe nevoja për hartimin e planeve për veprim preventiv dhe parandalim dhe vlerësim i shkallës së rrezikshmërisë që komunat do të mund t'a bëjnë në bashkëpunim me njësitë rajonale të QMK dhe DMSH.

- Në seancë morrën pjesë edhe përfaqësuesit e Bordit organizues të projektit ,,Dita e drurit", të cilët fituan përkrahje për iniciativën e marsit për mbjelljen fidaneve të marrë edhe karakter argëtues, ku do të kyçen edhe përfaqësues nga komunat kufitare nga shtet fqinje, si dhe të organizohen forma të ndryshme të garavenëpër shkolla mbi këtë temë, me qëllim të edukimit më të thellë të fëmijëve për rëndësinë e pyjeve.

- Përkrahje morri edhe propozimi për organizim të manifestimit për promovim të komunave sipas rajoneve, që do të mbahej në sheshin Maqedonia, në Shkup, gjatë tetë uikendeve të njëpasnjëshme duke filluar që nga muaji prill.

- Në raport me kërkesën e komunës së Gostivarit, lidhur me ndryshimet në metodologjinë për shpërndarjen e mjeteve nga TVSH, në të cilën komunat rurale fituan prag të poshtëm të rritur, BNJVL u obligua të dorëzojë dokumentacion për shumat e mjeteve të cilat ishin objekt i shpërndarjes nga ky vit dhe viti i kaluar, që të mund çdo komunë në veçanti të përcaktojë nëse formula e shpërndarjes është zbatuar në mënyrë adekuate dhe detajisht t'i shqyrtojë sugjerimet e arritura. U diskutua se kjo çështje është e lidhur edhe me sigurimin e pavarësisë financiare të komunave, me ç'rast u paraqit edhe çështja për ndarjen e mjeteve nga zhvillimi i barabartë rajonal. U potencua nevoja të krijohen kushte ligjore që procedura e vlerësimit të projekteve të kryhet në nivel të trupave dhe organeve të rajoneve, të cilat pavarësisht do t'a përcaktojnë prioritetin e tyre, si dhe rajoni pavarësisht të disponojë me mjete, të cilat konform ligjit do t'u shpërndahen.

- Anëtarët e BD u njohën edhe me procedurën e formimit të Komitetit të këshillave, si organ i pavarur i BNJVL-së.

-Gjithashtu u shqyrtua informacioni se këshillat e 84 komunave në RM morrën vendim për vërtetimin e statusit anëtare e BNJVL-së, ndërsa u diskutua edhe për dispozitat aktuale me të cilat kryhet shkurtimi plotësues i të ardhurave burimore të komunave, me ç'rast BNJVL kërkon të abrogohet kompensimi për komunat për shfrytëzimin shërbimeve të Agjencionit për kadastër gjatë kërkesës për dhënien e të dhënave numerike.

- Lidhur me pikën për bisedimet me Qeverinë dhe Ad-Hok Komisionin BNJVL-EVN, u përmendën edhe momente të reja, midis të cilave se procedurat ndaj shfrytëzuesve individual, ku EVN e padit vetëm pjesën kërkesës personale, e jo edhe shumën e taksës komunale, që komunat të cilat janë të dëmtuara që e njejta të zgjërohet. Detajisht të shqyrtohet kontrata për shitje e ESM dhe për deri sa ka bazë të kërkohet që gjysmën e borxheve të vjetra t'i kompensojë RM, si dhe të insistohet që EVN të heq dorë nga kamatat dhe në mënyrë përkatëse të rregullohen edhe kërkesat e ELEM. Anëtarët e BD u dhanë përkrahje propozimeve për dhënien e pajtueshmërisë nga organi kompetent për marrjen e borxheve të këtyre komunave në banka për shkak të shkarkimit të borxheve të tyre.

- Gjithashtu u konkludua që BNJVL të dërgojë rekomandim deri te komunat, të hapin zhiro llogari të veçanta të cilave Këshilli i Republikës për Preventim në komunikacion do t'u transferojë para për kompensim dhe planifikim të kompensimeve.

- Lidhur me iniciativën për sjelljen e ligjit për ndryshime dhe plotësime në Ligjin për taksat gjyqësore, BD u shpreh pozitivisht, me ç'rast do të ngre iniciativë në ministrinë kompetente.

- Bordi drejtues i dha përkrahje të plotë aktiviteteve lidhur me themelimin e institucionit BNJVL QENDRA E TRAJNIMEVE, me ç'rast u theksua që BD t'i thërret të gjithë përkrahësit e BNJVL-së të japin kontributin e tyre në vendosjen dhe zhvillimin e saj.

- Anëtarët e BD u njohtuan edhe me iniciativën e Birosë së Maqedonisë për kreditim, të gjitha komunat falas të anëtarësohen, me çka do të mundësohet që komuna dhe ndërmarrjet publike të jenë të mbrojtura nga subjeket të cilat i kanë borxh në bazë të kompensimeve, konform ligjit të njejtat të mos mund të marrin borxh në banka dhe subjekte tjera për deri sa paraprakisht nuk i'a kthejnë borxhin komunës ose NP. BMK ofron ndihmë teknike rreth formimit të bazave të të dhënave, ndërsa nga komunat kërkohet vetëm pajtueshmëri në formë të shkruar.

# ЧЕТИРИ НОВИ ОПШТИНИ ВЛЕГОА ВО ВТОРАТА ФАЗА ОД ФИСКАЛНАТА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Демир Капија, Другово, Кичево и Студеничани, се општините кои според евалуацијата на Комисијата за следење и оценка на исполнетост на условите за преминување во втора фаза од процесот на фискална децентрализација и според оценката на Владата на РМ, во целост ги задоволуваат потребните услови за премин во втората фаза. Со тоа бројот на општини, кои сеуште се во првата фаза се намали на вкупно 12 општини. Според анализата на Комисијата, во која претставници на ЗЕЛС се Коце Трајановски, градоначалник на Град Скопје, Љупчо Којчиновски, градоначалник на Дебарца и Бесим Велиу, градоначалник на Зајас, евидентирани се четири општини кои имаат потреба од помала поддршка при исполнување на условите за што беа задолжени ЗЕЛС и МЛС да стапат во контакт со нив и да посредуваат во исполнувањето на критериумите. Се очекува наскоро и тие да добијат позитивна оценка од Комисијата. Останатите општини пак, кои сеуште се соочуваат со проблемот со блокираните сметки, беше истакнато дека Министерството за финансии ќе стапи во контакт со неколку од нив, со цел да им помогне со давање на позајмици, на една или повеќе години, согласно последните измени на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Услов кој се бара од општините е да стапат во преговори со доверителите да ги отпишат каматите на долговите, а при тоа да ги исполнуваат условите за добивање на позајмица. Претставници на ЗЕЛС го поставија и прашањето за можност за краткорочни позајмици од Владата на општините, мислејќи притоа на општини кои се наоѓаат во втората фаза на фискална децентрализација. Одговорот од претставниците на министерство за финансии беше дека таква практика е согласно закон и дека општините кои имаат потреба од такви краткорочни позајмици за надминување на состојба на неликвидност треба да достават барање до Министерството за финансии, а таму секој случај поединечно ќе се разгледува.

Комисијата ги разгледа и дотациите од ДДВ за 2010 година, кои под силен притисок на ЗЕЛС, за прв пат по речиси петте години на децентрализација се зголемија за 0,4% во однос на претходните години. Според усвоената методологија, исто така, не постои општина која ќе добие помалку од три милиони денари, на годишно ниво, што е особена поволност за руралните општини. Резултатите од евалуацијата покажаа дека одреден број на општини не доставиле квартални извештаи, и дека тоа претставува прекршок, казнив согласно законот, а ЗЕЛС ја зема обврската да ги потсети своите членки да не ја заборавaат оваа своја обврска. Од страна на претставниците на ЗЕЛС, беше укажано и на Колективниот договор, согласно кој општините треба да го пресметаат и зголемувањето на платите на просветните работници, па се обрна внимание тој да биде земен во предвид. Претставниците на ЗЕЛС, замолија на следниот состанок на Комисијата да се изготви и анализа на финансиските сретства, поединечно по општина, за остатокот кој се појавил на нивните конта на крајот на 2009 година, а се однесува на надлежноста образование.

# KATËR KOMUNA TË REJA HYNË NË FAZËN E DYTË TËDECENTRALIZIMIT FISKAL

Demir Kapia, Drugova, Kërçova dhe Studeniçani janë komunat të cilat sipas evaluimit të Komisionit për ndjekje dhe vlerësim të plotësimit të kushteve për kalim në fazën e dytë të decentralizimit fiskal dhe sipas vlerësimit të Qeverisë së RM, në tërësi i kënaqin kushtet për kalim në fazën e dytë. Me ç'rast numri i komunave, të cilat ende ndodhen në fazën e parë u zvogëlua gjithsejt në 12 komuna. Sipas analizës së Komisionit, në të cilin përfaqësues të BNJVL-së janë Koce Trajanovski, kryetar i Qytetit të Shkupit, Ljupço Kojçinovski, kryetar i komunës së Debarcës dhe Besim Veliu, kryetar i komunës së Zajazit, u evidentuan katër komuna të cilat kanë nevojë për përkrahje më të vogël gjatë plotësimit të kushteve me ç'rast BNJVL dhe MVL u obliguan të lidhin kontakte me to dhe të ndërmjetësojnë në plotësimin e kritereve. Pritet që së shpejti edhe ato të marrin vlerësim nga ana e Komisionit. Ndërsa komunat tjera të cilat ende ballafaqohen me problemin e llogarive të bllokuara, u theksua se Ministria për financa do të lidh kontakt me disa prej tyre, me qëllim që t'u ndihmojë me dhënien e huave, për një ose më tepër vite, konform ndryshimeve të fundit në Ligjin për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale. Kusht që kërkohet nga komunat është t'i fillojnë bisedimet me kreditorët që t'i shlyejnë kamatat e borxheve, e pastaj t'i plotësojnë kushtet për marrjen e huasë. Përfaqësuesit e BNJVL-së e parashtruan edhe pyetjen për mundësinë për hua afatshkurte nga Qeveria ndaj komunave, duke menduar për komunat të cilat ende ndodhen në fazën e dytë të decentralizimit fiskal. Përfaqësuesit e ministrisë për financa u përgjigjën se praktika e tillë është në pajtim me ligjin dhe se komunat të cilat kanë nevojë nga huatë e tilla afatshkurte për tejkalimin e gjendjes së jolikuditetit duhet të parashtrojnë kërkesë në Ministrinë për financa dhe aty çdo rast do të shqyrtohet në veçanti.

Komisioni i shqyrtoi edhe dotacionet nga TVSH për vitin 2010, të cilat në presion të madh të BNJVL-së, për herë të parë pas pothuaj se pesë vitesh decentralizim, u rritën për 0,4% në raport me vitet paraprake. Sipas metodologjisë së miratuar, gjithashtu nuk ekszistojë komunë e cila do të fitojë më pak se 3 milion denarë, në nivel vjetor, që paraqet përfitim të veçantë për komunat rurale. Rezultatet e evaluimit treguan se numër i caktuar komunash nuk kanë parashtruar raporte kuartale, dhe se kjo paraqet shkelje të dënueshme konform ligjit, ndërsa BNJVL e merr obligimin t'i përkujtojë anëtaret e saja mos t'a harrojnë këtë obligim. Nga ana e përfaqësuesve të BNJVL-së, u përmend edhe në Kontratën kolektive, në pajtim me të cilën komunat duhet t'a kalkulojnë edhe rritjen e rrogave të të punësuarve në arsim, kështu që u kushtua vëmendje që kjo të merret parsasysh. Përfaqësuesit e BNJVL-së shprehën lutje që në mbledhjen e ardhshme të Komisionit të hartohet edhe analizë e mjeteve financiare, për çdo komunë në veçanti, për tepricën e shfaqur në kontot e tyre në fund të vitit 2009, e që ka të bëjë me kompetencën arsim.

# ОЗАКОНЕТА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ЗЕЛС ДА ИМ СЕ ОВОЗМОЖИ ПЛАЌАЊЕ НА РАТИ НА ДАНОЧНИ ДОЛГОВИ НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ТРГОВСКИ ДРУШТВА ОСНОВАНИ ОД ОПШТИНИТЕ ИЛИ ГРАДОТ СКОПЈЕ

Како резултат на лобирањето на ЗЕЛС, на деветти февруари, 2010 година во Службен весник на РМ, број 18/2010 беше објавен Законот за плаќање на рати на даночни долгови на јавните претпријатија и трговски друштва основани од Република Македонија,односно од општините или Градот Скопје. Овој закон беше донесен во скратена постапка од Собранието на Град Скопје, и ќе овозможи натамошно ефикасно функционирање на јавните претпријатија во ЕЛС и Градот Скопје. Со Законот се дава можност акумулираните даночни долгови на јавните претпријатија и трговските друштва основани од Р.М., односно од општините или Град Скопје да се отплаќаат на месечни рати, максимално во текот на десет годишен период, со грејс период од најмногу три години. Плаќањето на рати на даночниот долг на даноците утврдени со овој Закон не се условува со гаранција за обезбедување на плаќањето. Плаќањето на рати на даночниот долг на даноците може да се оствари врз основа на поднесено барање од даночниот должник, до надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на овој Закон. Во барањето даночниот должник требаше да го наведе износот на даночниот долг за секој вид на данок за кој се бара плаќање на рати и бројот на рати. Кон барањето се приложуваше и доказ од Централниот регистар на Република Макeднија, како и од Централниот депозитар за хартии од вредност за акционерските друштва, со кој се потврдува дека даночниот должник е еден од субјектите наведени во законот. Претставници од ЗЕЛС, поради итноста на оваа постапка телефонски ги известија сите градоначалници, со цел навремено извршување, односно непропуштање на дадениот рок, а исто така во претходниот период, општините беа навремено известени од ЗЕЛС за потребата да се изврши усогласување на податоците за износите и основот за настанување на долговите заради подготовка на докмунентацијата и поднесување на барањето . ЗЕЛС организираше и прес–конференција по повод постигнатиот успех од донесувањето на овој закон, каде претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски истакна дека сега конечно Јавните претпријатија и трговските друштва, основани од општините и Град Скопје конечно ќе можат да го разрешат прашањето со натрупаните долгови и да се посветат на поквалитетно извршување на својата функција, во корист на граѓаните.,

# MORRI STATUS LIGJOR INICIATIVA E BNJVL-SË T'U MUNDËSOHET PAGESA NË KËSTE TË BORXHEVE TATIMORE NDËRMARRJEVE PUBLIKE DHE SHOQËRIVE TREGTARE TË THEMELUARA NGA KOMUNAT OSE QYTETI I SHKUPIT

Si rezultat i lobimit të BNJVL-së, më 09 shkurt, 2010, në Gazetën zyrtare të R.M-së, numër 18/2010 ishte shpallur Ligji për pagesë në kēstetë borxheve tatimore të ndërmarrjeve publike dhe shoqërive tregëtare të themeluara nga Republika e Maqedonisë, respektivisht nga komunat ose Qyteti i Shkupit. Ky ligj ishte miratuar në procedurë të shkurtuar nga Kuvendi i Qytetit të Shkupit, për miratimin e të cilit loboi BNJVL dhe pushtetet lokale, sespse do të mundëson funksionimin e mëtutjeshëm efikas të ndërmarrjeve publike në komunat dhe Qytetin e Shkupit. Me ligjin jepen mundësi që borxhet e akumuluara tatimore të ndërmarrjeve publike dhe shoqërive tregtare të themeluara nga RM, respektivisht nga komunat ose Qyteti i Shkupit të paguhen me këste mujore, maksimalisht në vijim të periudhës dhjetëvjeçare, me grejs periudhë nga më shumë se tre vite. Pagesa e késteve të borxhit tatimor të tatimeve të caktuara me këtë Ligj nuk kushtëzohet me garantimin për sigurimin e pagesës. Pagesa e késteve të borxhit tatimor të tatimeve realizohet në bazë të kërkesës së parashtruar nga debitori tatimor, deri te njësia kompetente organizative në Drejtorinë për të ardhura publike në afat prej 10 ditëve nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji. Në kërkesë debitori tatimor duhet t'a tregojë shumën e borxhit tatimor për secilin lloj të tatimit për të cilin kërkohet pagesa në këste dhe numri i késteve. Me kërkesë duhet të paraqitet edhe dëshmi nga Regjistri qëndror i Republikës së Maqedonisë, si dhe nga Depozituesi qëndror i letrave me vlerë për shoqëritë aksionare, me ç'rast vërtetohet se debitori tatimor është një ndër subjektet e theksuar në ligj. Përfaqësuesit e BNJVL-së, për shkak të përshpejtimit të kësaj procedure, nëpërmjet telefonit i njohtuan të gjithë kryetarët e komunave, me qëllim në kohë të duhur ekzekutimin, respektivisht moslëshimin e afatit të dhënë, dhe gjithashtu në periudhën paraprake, komunat në kohë ishin të informuara nga BNJVL për nevojën të kryhet harmonizim i të dhënave për shumat dhe bazën për ndodhjen e borxheve për shkak të përgatitjes së dokumentacionit dhe paraqitjes së kërkesës. BNJVL organizoi edhe pres-konferencë me rastin e suksesit të arritur nga sjellja e këtij ligji, ku kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, theksoi se tani përfundimisht ndërmarrjet publike dhe shoqëritë tregtare të themeluara nga komunat dhe Qyteti i Shkupit përfundimisht do të mund t'a zgjidhin çështjen me borxhet e ngarkuara dhe t'i përkushtohen kryerjes më kualitative të funkcionit të tyre, në dobi të qytetarëve.

# ЗЕЛС ПИСМЕНО ГИ ИЗВЕСТИ МЛС, МФ И ДЗР ЗА ДОНЕСЕНИТЕ СТАВОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Како резултат на разговорите со претставниците од Државниот завод за ревизија на Република Македонија, од Министерство за финансии на Р.М и министерот за локална самоуправа,Муса Џафери,што се водеше во рамките на седмата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, во однос на препораките на Владата а Р.М. по наодите на Државниот завод за ревизија, членовите на УО донесоа повеќе заклучоци. Истите се однесуваа на дадените препораки за трансформација на инвентарот и вложените средства од страна на општините во јавните претпријатија во влог во претпријатието и негово запишување, препораката општините да склучат договори со јавните претпријатија со кои ќе ги утврдат цените на услугите и начинот на обезбедување докази за извршените работи, утврдување на критериум за распределба на блок дотациите и прашањето за обезбедување извештаи од извршен надзор во постапките за извршување на работи од областа на комуналната инфраструктура, обврската на општините да вработат овластен внатрешен ревизор согласно Закон и други.

Во писмениот допис до овие институции беше наведено дека ЗЕЛС бара при утврдувањето на состојбите во општините поврзани со Законот за внатрешна финансиска контрола да се води сметка за финансиската состојба во која се наоѓаат општините. Во случаите кога е соодветно предвиден и овозможен прием на работен кадар (обезбедени финансиски и правни предуслови за вработување на лице со соодветно стручно познавање), општините се соочуваат со непостоење на стручен кадар за ова работно место на пазарот на трудот. Исто така беше наведено дека ЗЕЛС со своите стручни капацитети ќе изврши обука на внатрешните ревизори во општините во рамките на ЗЕЛС Тренинг Центарот. Беше укажано дека ЗЕЛС бара државните органи и институции, а особено Државниот завод за ревизија да излезе во пресрет на барањата на општините кои упатиле барање за спроведување на ревизија на работењето и истите да ги утврди како приоритети во планот за работење за тековната година. Целта е на овој начин општините да добијат препораки за областите и постапувањата каде ќе се утврди несоодветно работење но и препораки за активностите кои треба да преземат за надминување на истите во иднина.

Наведено е дека ЗЕЛС е согласен со предлогот на Министерството за локална самоуправа и истовремено инсистира да се формира КОМИСИЈА ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА НЕСТАБИЛНОСТ НА ОПШТИНИТЕ која ќе утврди препораки за оние општини каде се воочени најголемите проблеми, но и оние општини кои немаат услови за премин во втората фаза на фискалнта децентрализација. Предложено е ЗЕЛС во координација со Државниот завод за ревизија да организира тематска работилница каде отворените прашања од областа на финансиското и материјално работење на општините ќе бидат детално обработени, а на која ќе бидат поканети сите општини - членки на ЗЕЛС.

# BNJVL NË FORMË TË SHKRUAR I NJOHTOI MVL, MF DHE ESHR LIDHUR ME QËNDRIMET E SJELLURA NË BORDIN DREJTUES

Si rezultat i bisedimeve me përfaqësuesit e Entit Shtetëror për Revizion të Republikës së Maqedonisë, nga Ministria për financa të R.M. dhe ministrit për vetëqeverisje lokale, Musa Xhaferi, që u mbajt në kuadër të seancës së shtatë të Bordit drejtues të BNJVL-së, lidhur me rekomandimet e Qeverisë së R.M., sipas konstatimeve të Entit Shtetëror për Revizion, anëtarët e BD sollën konkluzione të shumta. Të njejtat kishin të bëjnë me rekomandimet e dhëna për transformimin e inventarit dhe mjetet e investuara nga ana e komunave në ndërmarrjet publike në investimi në ndërmarrje dhe regjistrimin e tij, rekomandimin e komunës të lidhin kontrata me ndërmarrjet publike me të cilat do t'i përcaktojnë çmimet e shërbimeve dhe mënyrën e sigurimit të argumenteve për punët e kryera, përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve dhe çështja e sigurimit të raporteve nga ana e mbikëqyrjes ekzekutuese në procedurat për kryerjen e punëve nga lëmia e infrastrukturës komunale, obligimi i komunave të punësojnë revizor të brendshëm të autorizuar konform Ligjit etj.

Në shkresën e parashtruar në këto institucione u përmend se BNJVL gjatë përcaktimit të gjendjeve në komunat lidhur me Ligjin për kontroll të brendshëm financiar të mbahet llogari për gjendjen financiare në të cilën ndodhen komunat. Në rastet kur në mënyrë adekuate është paraparë dhe mundësuar pranim i kuadrit të punës (sigurim i parakushteve financiare dhe juridike për punësimin e personit me njohuri përkatëse profesionale), komunat ballafaqohen me mosekzistimin e kuadrit profesional për këtë vend pune në tregun e punës. Gjithashtu u përmend se BNJVL me kapacitetet e saja profesionale do të kryej trajnim për revizorët e brendshëm në komunat në kuadër të Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së. U theksua se BNJVL kërkon që organet shtetërore dhe institucionet, e veçanërisht Enti Shtetëror për Revizion t'u dalë në vigjilje kërkesave të komunave të cilat kanë parashtruar kërkesë për zbatimin e revizionit në punë dhe të njejtat t'i përcaktojë si prioritete në planin e punës për vitin e ardhshëm. Qëllimi është që në këtë mënyrë komunat të marrin rekomandime për fushat dhe veprimet ku do të përcaktohet puna joadekuate por edhe rekomandimet për aktivitetet të cilat duhet të ndërmerren për tejkalimin e të njejtave në të ardhmen.

U përmend se BNJVL është dakorduar me propozimin e Ministrisë për vetëqeverisje lokale dhe njëkohësisht insiston të formojë KOMISION PËR TEJKALIMIN E JOSTABILITETIT FINANCIAR TË KOMUNAVE që do të përcaktojë rekomandime për ato komuna ku janë identifikuar probleme më të mëdha, por edhe ato komuna që nuk kanë kushte për të kaluar në fazën e dytë të decentralizimit fiskal. U propozua që BNJVL në koordinim me Entin Shtetëror për Revizion të organizojë punëtori tematike ku çështjet e hapura nga lëmia e punës financiare dhe materiale të komunave do të jenë të përpunuara detajisht, ndërsa do të ftohen të gjitha komunat-anëtare të BNJVL-së.

# ПРОЕКТ “САКАЈ ЈА МАКЕДОНИЈА, УЖИВАЈ ВО СВОЈАТА ТАТКОВИНА”

Од 24 април, 2010 година, (сабота) ќе отпочне реализација на Проектот на ЗЕЛС “Сакај ја Македонија, уживај во својата татковина”, што предвидува претставување на сите општини, на плоштадот Македонија, во Скопје, пред граѓаните од целата земја. Поточно, осум последователни саботи, на скопскиот плоштад, посетителите ќе можат да се запознаат со административните, урбанистичките, стопанските, комуналните, инфраструктурните, културните и останатите достигнувања на секоја општина поединечно и на осумте региони, што ги реализирале од започнувањето на процесот на децентрализација (јули, 2005 година) до денес.

Секоја сабота, започнувајќи од 24 април, десетина општини од секој регион, преку општинската администрација, предводена од градоначалникот на секоја општина и претставниците од советите, ќе ги запознаваат заинтересираните посетители за сето она што го реализирале во изминатите пет години при спроведувањето на своите надлежности. На манифестацијата, исто така, ќе бидат презентирани културните и историските знаменитости, туристичките можности, традиционалните занаети и специјалитетите на македонската кујна, карактеристични за секоја општина и регион. Освен презентациите, посетителите ќе ги проследат и културно-уметнички настапи од богатата ризница на народниот и забавниот македонски мелос, што ќе ги презентираат уметничките друштва, децата од, градинките и од основните и средните училишта и професионални хорови и драмски секции. На оваа манифестација, во рамките на својата општина, ќе се претстават и локалните бизнис заедници и стопанствениците, туристичките оператори и агенции кои сакаат да го презентираат својот придонес за локалниот напредок. Тие исто, така ќе бидат и главните поддржувачи на својата општина при нејзиното претставување во вистинското светло, пред граѓаните на Република Македонија и пошироко, пред претставниците на странските организации, амбасади и стопанственици присутни во земјава. За достојно преставување на општините, Град Скопје ќе обезбеди соодветен простор на Плоштадот „Македонија“, без надомест за општините.

Редоследот по кој ќе се претставуваат општините, односно регионите, ЗЕЛС го утврдува во согласност со Центрите за развој на планските региони. Подетални информации општините ќе може да добијат од своите регионални центри и од ЗЕЛС, од Ирена Николов,( ирена.николовЖзелс.орг.мк) , на тел: 02/ 3099033, локал 129.



# PROJEKTI „DUAJE MAQEDONINË, KËNAQU NË ATDHEUN TËND”

Nga 24 prilli, 2010 (e shtunë), do të fillojë me realizimin e projektit të BNJVL-së „Duaje Maqedoninë, kënaqu në atdheun tënd”, që parashikon paraqitje të të gjitha komunave, në Sheshin „Maqedonia”, në Shkup, para qytetarëve nga mbarë vendi. Më saktë tetë të shtuna të njëpasnjëshme, në sheshin e Shkupit, vizituesit do të mund të njihen me arritjet administrative, urbanistike, ekonomike, komunale, infrastrukturore, kulturore dhe arritje tjera të çdo komune në veçanti dhe të tetë rajoneve, që i kanë realizuar nga fillimi i procesit të decentralizimit (korrik, 2005) deri sot.

Çdo të shtunë duke filluar prej 24 prillit, dhjetra komuna të çdo rajoni, nëpërmjet administratës komunale të udhëhequr nga kryetari i çdo komune dhe përfaqësuesit e këshillave, do t'i njohtojnë vizituesit e interesuar për tërë atë që e kanë realizuar në pesë vitet e kaluara gjatë zbatimit të kompetencave të tyre. Në manifestim gjithashtu, do të prezentohen edhe karakteristikat kulturore e historike, mundësitë turistike, artizanati tradicional dhe specialitete të kuzhinës maqedonase, karakteristike për të çdo komunë dhe rajon. Përveç prezantimeve, vizituesit do t'i ndjekin edhe paraqitjet kulturoro-artistike nga melosi i pasur popullor dhe argëtues i Maqedonisë, që do t'i prezantojnë shoqëritë artistike, fëmijet e çerdheve, shkollave fillore dhe të mesme dhe korret profesionale dhe seksione të dramës. Në këtë manifestim në kuadër të komunës së tyre, do të paraqiten edhe bashkësitë lokale të biznesit dhe pronarët, operatorët turistik dhe agjencionet që dëshirojnë t'a prezentojnë kontributin e tyre për përparimin lokal. Ata gjithashtu do të jenë përkrahësit kryesorë të komunës së tyre gjatë paraqitjes së tyre ndër dritën e vërtetë, para qytetarëve të Republikës së Maqedonisë dhe më gjërë, para përfaqësuesve të organizatave të huaja, ambasadave dhe ekonomistëve të pranishëm në vendin tonë. Për paraqitje të denjë të komunave, Qyteti i Shkupit do të sigurojë hapësirë adekuate në Sheshin „Maqedonia”, pa kompensim për komunat.

Mënyra në të cilën do të paraqiten komunat, respektivisht rajonet, BNJVL i përcakton në pajtueshmëri me Qendrën për zhvillim të rajoneve planifikuese. Më tepër informacione komunat do të mund të marrin nga qendrat e tyre rajonale dhe nga BNJVL, prej Irena Nikollov (irena.nikolov.zels.org.mk), në tel: 02/ 3099033, lokali 129.

# ЗАКЛУЧОЦИТЕ НА УО ЗА ПОМОШ НА ОПШТИНИТЕ СО БЛОКИРАНИ СМЕТКИ, СО ПИСМО ДОСТАВЕНИ ДО МИНИСТЕРОТ ЗА ФИНАНСИИ

На Управниот одбор на ЗЕЛС, од 1 март, 2010 г. беше разгледана и состојбата со општините со блокирани сметки заради стари долгови, при што беше усвоен заклучок и истиот доставен во писмена форма до Министерот за финансии, Зоран Ставрески. Во писмото ЗЕЛС бара Министерството за финансии да излезе во пресрет на општините при одлучувањето согласно постапката на давање мислење по барањето за задолжување, утврдена со Закон, а како Законски предуслов за започнување на постапка за задолжување на општината пред финансиски институции. На тој начин ќе се овозможи општините да се задолжат со поволни кредити на пазарот на капитал заради сервисирање на старите долгови кои доведуваат до нивна долгорочна финансиска нестабилност. Имено, со членот 20 став 1, алинеја 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се утврдува правото на општината долгорочно да се задолжува заради рефинансирање на долговите настанати по основ на задолжување за финансирање на капитални проекти и инвестиции.

Управниот одбор ги разгледа изнесените аргументи на општините кои се соочуваат со вакви проблеми и заклучи дека долгорочната финансиска нестабилност настанува заради огромните камати по основ на стари побарувања кои во некои случаи изнесуваат и до 20% на годишно ниво. Доколку на општините им се овозможи да се задолжат со кредит или други финансиски инструменти кај финансиски институции, а обезбедените средства ги искористат исклучиво наменски за сервисирање на постојните долгови, односно нивно целосно раздолжување, би постоел помал одлив на средства заради камати со оглед дека каматите по основ на кредит се помали од постојните пресметани камати за кои се задолжени општините. На овој начин ќе се помогне и во промена на впечатокот за општините како долгорочно неликвидни субјекти, со слаби капацитети за управување со сопствените средства и сервисирање на долгови што доведува до општа недоверба кон институциите на локално ниво, но и реално ги спречува во реализација на тековните приоритетни проекти за подобрување на стандардот на живот на граѓаните.

# KONKLUZIONET E BD PËR NDIHMË KOMUNAVE ME LLOGARI TË BLLOKUARA, ME LETËR TË DËRGUAR DERI TE MINISTRIA PËR FINANCA

Në Bordin drejtues të BNJVL-së, më 1 marsi, 2010, u shqyrtua edhe gjendja me komunat me llogari të bllokuara për shkak të borxheve të vjetra, me ç'rast u miratua konkluzion dhe i njejti u parashtrua edhe në formë të shkruar deri te Ministri për financa, Zoran Stavreski. Në letër BNJVL kërkon që Ministria për financa t'u dalë në vigjilje komunave gjatë vendimmarrjes në pajtim me procedurën për dhënien e mendimeve me kërkesë për marrje borxh të përcaktuar me Ligj, ndërsa si parakusht ligjor për fillimin e procedurës për marrje borxh të komunave para institucioneve financiare. Në këtë mënyrë do të mundësohet që komunat të marrin borxh me kredi të volitshme në tregun e kapitalit për arsye servisimi të borxheve të vjetra që sjellin deri te jostabiliteti afatgjatë financiar të tyre. Emërisht, me nenin 20, paragrafi 1, alinea 2 e Ligjit për financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale përcaktohet e drejta që komunat në mënyrë afatgjate të marrin borxh për shkak të rifinancimit të borxheve të krijuara në bazë të marrjes borxh për financimin e projekteve kapitale dhe investimeve.

Bordi drejtues i shqyrtoi argumentet e parashtruara të komunave që ballafaqohen me probleme të këtilla dhe konkludoi se jostabiliteti afatgjatë financiar krijohet për shkak të kamatave të mëdha në bazë të borxheve të vjetra që në disa raste përmbajnë edhe deri më 20% në nivel vjetor. Për deri sa komunave u mundësohet që të marrin borxh me kredi ose instrumente tjera financiare në institucionet financiare, ndërsa mjetet e siguruara i shfrytëzojnë vetëm me dedikim për servisim të borxheve ekzistuese, respektivisht shkarkimin e plotë të borxheve, do të ekzistonte derdhje më e vogël e mjeteve për shkak të kamatave duke pasur parasysh se kamatat në bazë të kredisë janë më të vogla se kamatat e kalkuluara ekzistuese, për të cilat janë të obliguara komunat. Në këtë mënyrë do të ndihmohet edhe në ndryshimin e përshtypjes për komunat si subjekte afatgjate jolikuide, me kapacitete të dobëta për menaxhim me mjetet personale dhe servisim të borxheve që sjell deri në mosbesim të përgjithshëm ndaj institucioneve në nivel lokal, por edhe realisht i parandalon në realizimin e projekteve prioritare rrjedhëse për përmirësimin e standardit të jetës së qytetarëve.

# ИНТЕНЗИВНИ ДИСКУСИИ

## НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЗЕЛС И НА МТВ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕТО НА НОВИОТ ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ



Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија- ЗЕЛС, од 26 до 28 март организираше тридневна работилница во Маврово, на кој беше разгледуван текстот на новиот Предлог закон за градежно земјиште. На работилницата учествуваа претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, потпретседателот на ЗЕЛС, Зоран Дамјановски, претставниците на Комисијата за урбанизам при ЗЕЛС, градоначалниците на Струга и Прилеп (членови на работната група која работеше на Стратегијата за создавање законски и други услови за управување со градежното земјиште од страна на локалните власти) претставници од Министерството за транспорт и врски предводени од министерот, Миле Јанакиески, како и претставници од Проектот за локална самоуправа на УСАИД. Овој закон ќе биде од големо значење за развивањето на децентрализацијата во нашата земја и е резултат на постојаните притисоци на ЗЕЛС и на општините, градежното неизградено земјиште да се префрли на управување на локалните власти. Дел од барањата на општините околу овој предлог закон беа прифатени од страна на Министерството, но има и други прашања кои остануваат да се договорат во престојните фази од овој процес на изготвување на истиот.

Од септември, минатата година, ЗЕЛС во соработка со Министерството за транспорт и врски и со техничка поддршка на УСАИД, континуирано работеше на изнаоѓање на најсоодветни решенија и можности за реализација на целокупниот процес на префрлање на градежното земјиште од централно на локално ниво. По барање на општините, Владата на Р.М. ја донесе одлуката за доделување на државното градежно неизградено земјиште на управување на општините, чие спроведување ќе започне од јануари 2011 година, а која се темели на Стратегијата за создавање законски и други услови за управување со градежното земјиште од страна на локалните власти, која претставува вовед во процесот на изготвување на нов закон за градежно земјиште, што се очекува да биде донесен во втората половина на оваа година. Со законот покрај тоа што целосно ќе биде регулиран начинот на управување со земјиштето од страна на локалната власт, потоа постапките и условите за продажба, давање под краткорочен или долгорочен закуп и стекнување на други права и товари кои произлегуваат од правото на сопственост, ќе биде опфатена и обуката на општинските службеници кои ќе ги спроведуваат истите во рамките на општината и каде во текстот се предвидува истите да ги спроведува ЗЕЛС. За извршување на оваа дејност се предвидува државните службеници да се стекнат со соодветно овластување. По анализата на сите предлози кои произлегоа од оваа работилница, текстот на предлогот на законот ќе биде доставен на разгледување до сите градоначалници и до членовите на соодветните Мрежи на ЗЕЛС, од оваа област , за што ќе бидат организирани и четири јавни трибини.

# DISKUTIME INTENSIVE

## TË PËRFAQËSUESVE TË BNJVL-SË DHE MTL NË PROCESIN E HARTIMIT TË PROPOZIM-LIGJIT PËR TOKËN NDËRTIMORE



Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë- BNJVL, prej 26 deri më 28 mars organizoi punëtori triditore në Mavrovë, në të cilën u shqyrtua teksti i Propozim-Ligjit për tokën ndërtimore. Në punëtori morrën pjesë kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, nënkryetari i BNJVL-së, Zoran Damjanovski, përfaqësues të Komisionit për urbanizëm pranë BNJVL-së, kryetari i komunës së Strugës dhe i Prilepit3 (anëtarë të grupit punues që punoi në Strategjinë për krijimin e kushteve ligjore dhe kushteve tjera për menaxhim me tokën ndërtimore nga ana e pushteteve lokale), përfaqësues të Ministrisë për transport dhe lidhje të udhëhequr nga ministri Mile Janakieski, si dhe përfaqësues të projektit për vetëqeverisje lokale të USAID. Ky ligj do të jetë mjaft i rëndësishëm për zhvillimin e decentralizimit në vendin tonë dhe është rezultat i shtypjeve të vazhdueshme të BNJVL-së dhe të komunave që toka e pandërtuar ndërtimore t'u transferohet në menaxhim pushteteve lokale. Pjesë e kërkesave të komunave rreth këtij propozim-ligji u pranuan nga ana e Ministrisë, por ka edhe çështje tjera të cilat ngelen të shqyrtohen në fazat vijuese të këtij procesi për hartimin e të njejtit.

Nga shtatori i vitit të kaluar, BNJVL në bashkëpunim me Ministrinë për transport dhe lidhje dhe me përkrahje teknike të USAID, në vazhdimësi punoi për gjetjen e zgjidhjeve dhe mundësive më adekuate për realizimin e procesit të tërë për transferimin e tokës ndërtimore nga niveli qëndror në atë lokal. Me kërkesë të komunave Qeveria e R.M. e solli vendimin për shpërndarjen e tokës së pandërtuar shtetërore në menaxhim të komunave, zbatimi i të cilit do të fillojë nga janari i vitit 2011, që themelohet nga Strategjia për krijimin e kushteve ligjore dhe kushteve tjera për menaxhim me tokën ndërtimore nga ana e pushteteve lokale, që paraqet hyrje në procesin e hartimit të një ligji të ri për tokën ndërtimore, që pritete të aprovohet në gjysmën e dytë të këtij viti. Me këtë ligj, krahas asaj që tërësisht do të rregullohet mënyra e menaxhimit me tokën nga ana e pushtetit lokal, pastaj edhe procedurat dhe kushtet për shitje, dhënie me qira afatgjate dhe afatshkurte dhe arritje të të drejtave tjera dhe barrat tjera që dalin nga e drejta e pronësisë, do të përfshihet edhe trajnimi i nëpunësve komunal, që do t'i zbatojnë të njejtat në kuadër të komunës dhe ku në tekst parashikohet që të njejtat t'i zbatojë BNJVL. Për kryerjen e kësaj veprimtarie parashikohet nëpunësit shtetëror të marrin autorizim përkatës. Sipas analizës së të gjitha propozimeve që rrodhën nga kjo punëtori, teksti i propozim-ligjit do t'u parashtrohet për shqyrtim të gjithë kryetarëve të komunave dhe anëtarëve të rrjeteve përkatëse të BNJVL-së, nga kjo lëmi, me ç'rast do të organizohen edhe katër tribuna publike.

# СОВЕТУВАЊЕ ОКОЛУ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

Во организација на ЗЕЛС, а на иницијатива на Комитетот за отпад, тело при Владата на РМ, на 1 април, 2010 во салата на Советот на Град Скопје, беше реализирано советување за општините, околу спроведувањето на Законот за јавна чистота, на кое покрај градоначалниците и комуналните инспектори, присуствуваа и претставници министерството за транспорт и врски, предводени од министерот, Миле Јанакиески и претставници од Министерството за внатрешни работи. Главно дискусијата се водеше за одредените нејасности во Законот и проблемите кои се јавуваат во праксата за негово доследно имплементирање. Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, ги охрабри општините за поажурна примена на законот, но побара од централната власт допрецизирање на одредени одредби. Изнесените анализи укажуваа дека речиси една третина од општините немаат назначено комунални редари, за што министерот Јанакиески, побара од општините поголемо ангажирање на ова поле. Согласно податоците на Министерството за транспорт и врски и Министерството за внатрешни работи бројот на прекршочните пријави изречени од страна на МВР изнесува 46.199,00 заклучно со 31.03.2010 додека пак бројот на овие пријави на локални ниво изнесува 1783. Претставниците на општините објаснија дека оваа разлика се должи на малиот број на редари споредено со инспекторите на централно ниво и припадниците на полицијата како и неможноста на општините финансиски да го превземаат товарот со вработување на комунални редари, притоа констатирајќи дека дадениот податок од 1783 пријави не е точен од причина што има многу поголем број на пријави кои не се евидентирани. Понатаму беа спомнати неколку проблеми со кои на терен се соочуваат комуналните редари и тоа: проблем со евидентирањето на лицата извршители на прекршоците за што беше побарана помош и поголема соработка со полицијата, покривањето на трошоците за отстранувањето на хаварисаните возила, непостоењето на соодветни места -депоа за нивно чување до уништување согласно закон, легитимирањето на комуналните редари (немање соодветна легитимација и униформа), од страна на прекршочните комисии нема повратен одговор за пријавите реализирани на локално ниво, проблемот со питачите кои се во поголемите случаи малолетни и не може да им се изречат прекршочни пријави како и други проблеми од техничка природа како немањето унифицирани обрасци. Од генералниот заклучок од советувањето произлезе општините да се потрудат да го зголемат бројот на комуналните редари, претставниците од МВР и МТВ со конкретни законски измени и поголема координација да придонесат за подобрување на имплементација на Законот, а ЗЕЛС да реализира соодветни обуки за општинските инспектори од оваа област .



# KËSHILLIM LIDHUR ME IMPLEMENTIMIN E LIGJIT PËR HIGJIENË PUBLIKE

Në organizim të BNJVL-së, e me iniciativë të Komitetit për mbeturina, trupi i Qeverisë së R.M., më 1 prill, 2010, në sallën e Këshillit të Qytetit të Shkupit, u realizua këshillim për komunat lidhur me Ligjin për higjienë publike, në të cilin përveç kryetarëve të komunave dhe inspektorëve komunal, morrën pjesë edhe përfaqësues të Ministrisë për transport dhe lidhje, të udhëhequr nga ministri Mile Janakieski dhe përfaqësues të Ministrisë për punë të brendshme. Diskutimi kryesisht u zhvillua për paqartësitë e caktuara në Ligj dhe problemet të cilat paraqiten në praktikë për implementimin e tij. Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski i inkurajoi komunat për zbatim më të azhuruar të ligjit, por nga pushteti qëndror kërkoi precizim të dispozitave të caktuara. Analizat e paraqitura tregojnë se një e treta e komunave nuk kanë emëruar rrojtarë komunal, me ç'rast ministri Janakieski, kërkoi nga komunat angazhim më të madh në këtë fushë. Në pajtim me të dhënat e Ministrisë për transport dhe lidhje dhe Ministrisë për punë të brendshme numri i fletëdenoncimeve kundërvajtëse nga ana e MPB përmban 46.199,00 përfundimisht më 31.03.2010 për deri sa numri i fletëdenoncimeve në nivel lokal përmban 1783. Përfaqësuesit e komunave shpjeguan se ky dallim i nënshtrohet numrit të vogël të rrojtarëve krahas inspektorëve në nivel qëndror dhe anëtarëve të policisë si dhe pamundësia e komunave që në mënyrë financiare t'a marrin barrën e punësimit të rrojtarëve komunal, duke konstatuar se e dhëna e paraqitur prej 1783 fletëdenoncimeve nuk është e saktë për arsye se ka numër më të madh të fletëdenoncimeve që nuk janë evidentuar. Më tutje u përmendën disa probleme me të cilat në teren ballafaqohen rrojtarët komunal: problem me evidentimin e personave ekzekutues të kundërvajtjeve me ç'rast u kërkua ndihmë dhe bashkëpunim më i madh me policinë, mbulim i shpenzimeve për largimin e automjeteve të havarisura, mosekzistimi i vendeve adekuate-depo për ruajtjen e tyre deri në shkatërrim konform ligjit, legjitimizimi i rrojtarëve komunal (mungesa e legjitimacionit adekuat dhe uniformës), nga ana e komisioneve kundërvajtëse nuk ka përgjigje kthyese për fletëdenoncimet e realizuara në nivel lokal, problemi me lypësit, që në raste të shumta janë të moshës jomadhore dhe nuk mund t'u shqiptohen fletëdenoncime kundërvajtëse si dhe probleme tjera nga natyra teknike si mosekzistimi i formularëve të unifikuar. Nga konkluzioni gjeneral i këshillimit doli se komunat duhet të orvaten për t'a rritur numrin e rrojtarëve komunal, përfaqësuesit e MPB dhe MTL me ndryshime konkrete ligjore dhe koordinim më të madh të kontribuojnë për përmirësimin e implementimit të Ligjit, ndërsa BNJVL të realizojë trajnime përkatëse për inspektorët komunal nga kjo lëmi.



# ЗЕЛС ВО СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИОТ УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗАПОЧНУВА СО ОБУКИ ЗА ОВЛАСТЕНИТЕ ЛОКАЛНИ ИНСПЕКТОРИ

# BNJVL NË BASHKËPUNIM ME INSPEKTORIATIN SHTETËROR ADMINISTRATIV FILLON ME TRAJNIME PËR INSPEKTORËT E AUTORIZUAR LOKAL





Од април, 2010 година, ЗЕЛС во соработка со Државниот управен инспекторат и другите инспекторати ќе започне со серија на обуки за општинските инспектори од областите: образование, комунални дејности, урбанизам, сообраќај, животна средина и финансии. Овие обуки се реализираат,како резултат на барањата на овластените локални инспектори, што произлегоа од повеќето средби што ги организираше ЗЕЛС во соработка со државните инспекторати, каде беа дефинирани потребите и областите за надоградување на капацитетите на овластените локални инспекторите и разграничувањето на преклопувањата со државните инспектори.

Обуките ќе се организираат преку ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАРОТ чии услуги се наменети за сите сегменти на локалната самоуправа, почнувајќи од обуки за градоначалниците, членови на советите и стручни обуки за администрацијата. Идејата е општините да добијат обуки, во момент кога им се најнеопходни, брзо адаптибилни и наменски, според реалните потреби. Обуките ќе претставуваат платена услуга на ЗЕЛС, се разбира со поповолни и адаптирани цени за своите членки, со цел обезбедување на подолгорочна оддржливост на Центарот. Во тој контекст, ЗЕЛС во 2009 година, ги формира и осумте Мрежи на општински одговорни лица, кои ќе бидат извор на практика, знаење и утврдување на потребите за обука..

Во тој контекст на 22 и 29 април, 2010 година, започнува обуката за примена на управната постапка во урбанизмот и градежништвото, каде присутните ќе добијат поконкретни информации за Примена на прописите за канцелариско работење согласно:Уредбата за канцелариско и архивско работење ( Службен Весник на РМ бр.82/08); Упатство за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивска граѓа во канцеларискотo и архивското

Nga prilli, 2010, BNJVL në bashkëpunim me Inspektoriatin Shtetëror Administrativ dhe inspektoriatet tjera do të fillojë me një varg trajnimesh nga fushat e arsimit, veprimtarive komunale, urbanizmit, komunikacionit, mjedisit jetësor dhe financave. Këto trajnime realizohen si rezultat i kërkesva të inspektorëve të autorizuar lokal që dolën nga takimet e shumta që i organizoi BNJVL në bashkëounim me inspektoriatet shtetërore, ku u definuan nevojat dhe lëmitë për mbindërtimin e kapaciteteve të inspektorëve të autorizuar lokal dhe kufizimi i përputhjeve me inspektorët shtetëror.

Trajnimet do të organizohen përmes Qendrës së Trajnimeve të BNJVLsë shërbimet e së cilës u janë dedikuar të gjitha segmenteve të vetëqeverisjes lokale, duke filluar nga trajnimet për kryetarët e komunave, anëtarët e këshillave dhe trajnime profesionale për administratën. Idea është që komunat të marrin trajnime në momentin kur u janë të domosdoshme, adaptabile dhe dedikuese, sipas nevojave reale. Trajnimet do të paraqesin shërbim të paguar të BNJVL-së, nënkuptohet me çmime më të volitshme dhe të adaptuara për anëtaret e saja, me qëllim sigurimi të qëndreshmërisë afatgjate të Qendrës. Në këtë kontekst, BNJVL në 2009, i formon edhe tetë Rrjetet e personave përgjegjës komunal, të cilët do të jenë burim i praktikës, i diturisë dhe përcaktimit të nevojave për trajnim.

Në këtë kontekst më 22 dhe 29 prill, 2010, fillon trajnimi për zbatimin e procedurës administrative në urbanizëm dhe ndërtimtari, ku të pranishmit do të fitojnë informata më konkrete për zbatimin e dispozitave për punë në zyrë konform: Rregullores për punën në zyrë dhe punën arkivore („Gazeta Zyrtare e R.M." nr. 82/08); Udhëzimit për mënyrën e veprimit me materialin dokumentar dhe arkivor në punën në zyrë

работење ( Службен Весник на РМ бр.60/97 ) потоа, за Закон за постапување по претставки и предлози (Службен Весник на РМ бр.82/08); Правилник за начинот на постапување по претставки и предлози (Службен Весник на РМ бр. 02/09) ;Правилник за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите (Уписник УПП ), како и содржината на извештаите( Службен Весник на РМ бр. 02/09) и други важни информации за примената на управната постапка во урбанизмот и градежништвото. Обуките ќе ги водат Убавка Динева, управен инспектор во Државен управен инспекторат, Борис Најдовски, раководител на одделение во Државен управен инспекторат, Наил Мефаиловски, управен инспектор во Државен управен инспекторат. Воведен збор ќе имаат, Димитар Ѓеорѓиевски, директор на Државен управен инспекторат, Сашо Дукоски, директор на Државен инспекторат за урбанизам и градежништво и Душица Перишиќ, извршен директор на ЗЕЛС. Пријавувањето за оваа обука е до деветти април, 2010 година.

dhe atë arkivore (,,Gazeta Zyrtare e R.M."nr. 60/97 ) pastaj për Ligjin për parashtresa dhe propozime (,,Gazeta Zyrtare e R.M." nr. 82/08); Rregullorja për mënyrën e të vepruarit sipas parashtresave dhe propozimeve (,,Gazeta Zyrtare e R.M." nr. 02/09) ;Rregulloren për përmbajtjen, mënyrën dhe formën e mbajtjes së evidencës të të dhënave lidhur me të vepruarit sipas parashtresave dhe propozimeve, si dhe përmbajtjen e raporteve (,,Gazeta Zyrtare e R.M." nr. 02/09) dhe informacione tjera të rëndësishme për zbatimin e procedurës administrative në ubanizëm dhe ndërtimtari. Trajnimet do t'i mbajnë Ubavka Dineva, inspektor administrativ në Inspektoriatin Shtetëror Administrativ, Boris Najdovski, udhëheqës sektori në Inspektoriatin Shtetëror Administrativ, Nail Mefailovski, inspektor administrativ në Inspektoriatin Shtetëror Administrativ. Fjalim hyrës do të kenë Dimitar Gjeorgjievski, drejtor i Inspektoriatit Shtetëror Administrativ, Sasho Dukoski, drejtor i Inspektoriatit Shtetëror për urbanizëm dhe ndërtimtari dhe Dushica Perishiq, drejtor ekzekutiv i BNJVL-së. Paraqitja për këtë trajnim është prej 9 majit, 2010.

## ПРОЕКТОТ „ИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ФОРУМИТЕ ВО ЗАЕДНИЦИТЕ" ВО ЗАВРШНА ФАЗА

Проектот „Институционализација на форумите во заедниците" чија основна цел е интегрирање на форумите на заедниците во општинските статути, како форма на демократско учество на граѓаните, за зацврстување на улогата на граѓаните во подобрувањето на сопствениот живот преку давање на сопствени идеи, како и за создавањето на можноста, администрацијата да го развие партиципативното и одговорно локално владеење, се наоѓа во завршна фаза.

Изготвениот и ревидиран Предлогот за изменување и дополнување на Статутите на општините, како резултат на забелешките што ги даваа претставниците на општините и нивните совети, е на разгледување на Програмскиот совет на Проектот. По неговото прифаќање од страна на Програмскиот совет, Предлогот ќе биде доставен на разгледување од членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС, чие усвојување ќе биде пропратено со давање на препорака до сите општини за имплементирање на „Форумите во заедници„ како форма на демократско учество на граѓаните, во Статутот на општината. Со тоа ќе се овозможи воспоставување на инстутуционална форма за директно учество на граѓаните во решавање на прашања и проблеми кои се од локално значење, а градоначалници ќе можат да ја споделата својата одговорност за донесените одлуки. Инкорпорирањето на форумите, треба да претставува дополнување во делот на општинските статути, каде се регулира учеството на граѓаните (јавни трибини, референдум, анкети, предлози на граѓаните). Во рамките на Проектот се предвидува изработка и на Прирачник, во кој детално ќе се разработува примената на форумскиот процес. Овој проек е дел од Програмата „Форуми во заедниците„ чија што имплементација е поддржана од Швајцарската агенција за соработка и развој од 2006 година и ќе се реализира заклучно до јули, 2010 година.

## PROJEKTI ,,INSTITUCIONALIZIM I FORUMEVE NË BASHKËSITË" NË FAZË PËRFUNDIMTARE

Projekti ,,Institucionalizim i forumeve në bashkësitë" qëllimi kryesor i të cilit është integrimi i forumeve të bashkësive në statutet komunale, si formë e pjesëmarrjes demokratike të qytetarëve, për përforcimin e rolit të qytetarëve në përmirësimin e jetës personale përmes dhënies së ideve personale, si dhe për krijimin e mundësisë, administrata t'a zhvillojë qeverisjen lokale participative dhe përgjegjëse, gjendet në fazë përfundimtare.

Propozimi i hartuar dhe i reviduar për ndryshim dhe plotësim të Statuteve të komunave, si rezultat i vërejtjeve që i parashtruan përfaqësuesit e komunave dhe këshillat e tyre, ndodhet në shqyrtim në Këshillin programor të projektit. Pas pranimit të tij nga ana e Këshillit programor, Propozimi do të dorëzohet për shqyrtim nga ana e Bordit drejtues të BNJVL-së, aprovimi i të cilit do të dorëzohet me dhënie të rekomandimit deri te të gjitha komunat për implementimin e ,,Forumeve në bashkësi", si formë e pjesëmarrjes demokratike të qytetarëve në Statutin e komunës. Me këtë do të mundësohet vendosje e formës institucionale për pjesëmarrje të drejtpërdrejtë të qytetarëve në zgjidhjen e çështjeve dhe problemeve që kanë rëndësi lokale, ndërsa kryetarët e komunave do të mund t'a ndajnë përgjegjësinë e tyre për vendimet e sjellura. Inkorporimi i forumeve, duhet të paraqesë plotësim në pjesën e statuteve komunale, ku rregullohet pjesëmarrja e qytetarëve (tribuna publike, referendume, anketa, propozime të qytetarëve). Në kuadër të projektit parashikohet përpilim edhe i Doracakut, në të cilin detajisht do të përpunohet zbatimi i proceseve të forumit. Ky projekt është pjesë e programit ,,Forume në bashkësitë", implementimi i së cilit është përkrahur nga Agjencioni Zvicërian për Bashkëpunim dhe Zhvillim prej vitit 2006 dhe do të realizohet përfundimisht deri në qershor të vitit 2010.



# ИНИЦИЈАТИВА НА ЗЕЛС ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИТЕ ТАКСИ

ЗЕЛС испрати писмо до Министерот за финансии на Република Македонија, г. Зоран Ставрески, и до Министерот за правда на Р.М., г. Михајло Маневски, во кое побара овие две министерства како овластени предлагачи да иницираат постапка на изменување и дополнување на Законот за судските такси во насока на утврдување на општините и градот Скопје како субјекти кои се ослободени од плаќање на оваа давачка. Иницијативата беше дискутирана и поддржана од членовите на УО на ЗЕЛС, на седницата оддржана на 1 март 2010 година при што беше образложено дека на тој начин би се отстранил нерамноправниот статус на единиците на локалната самоуправа во однос на субјектите што се ослободени од плаќање на судски такси.

Законот за судските такси („Службен весник на Република Македонија" број 114/09) во посебна глава ги утврдува субјектите кои се предмет на ослободување од плаќање на судските такси во постапките пред овие органи. Со членот 10, став 1 од истиот Закон е определено: „од плаќање на такса се ослободени Република Македонија, државните органи, Организацијата на Црвениот крст, како и странски држави, странски државјани и меѓународни организации...".

Во наброените субјекти кои се ослободени од плаќање на овој надомест законодавецот не ги опфаќа единиците на локалната самоуправа и градот Скопје.ЗЕЛС смета, дека на тој начин се оптоварува општинскиот буџет и буџетот на Град Скопје, а особено што со сегашното решение ЕЛС и градот Скопје , кои имаат надлежности од јавен интерес за граѓаните, од локално значење, се ставаат во нерамноправна положба во однос на останатите субјекти кои што се ослободени од плаќање на судска такса.

При деталното разгледување на целисходноста на решението кое се предлага, мора да се има во предвид дека општините и градот Скопје своите надлежности ги остваруваат со ограничени извори на буџетски приходи, за што со претходните решенија, односно со стариот Закон за судските такси („Службен весник на СРМ" број 46/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 65/92, 20/95, 48/99 и 27/06) кој престана да важи со влегувањето во сила на новиот Закон, општината е ослободена од обврска за плаќање на оваа такса како легитимно утврдено ослободување од финансиско оптоварување на општинскиот буџет по овој основ.

# INICIATIVË E BNJVL-SË PËR NDRYSHIM DHE PLOTËSIM TË LIGJIT PËR TAKSA GJYQËSORE

BNJVL dërgoi letër deri te Ministri për financa i Republikës së Maqedonisë, z. Zoran Stavreski dhe deri te Ministri për drejtësi i Republikës së Maqedonisë, z. Mihajllo Manevski, në të cilën kërkoi që këto dy ministri si propozues të autorizuar t'a iniciojnë procedurën për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për taksat gjyqësore në drejtim të përcaktimit të komunave dhe Qytetit të Shkupit si subjekte të cilat janë liruar nga pagesa e kësaj dhënie. Iniciativa u diskutua dhe u përkrah nga anëtarët e BD të BNJVL-së, në seancën e mbajtur më 1 mars, 2010, me ç'rast u arsyetua se në këtë mënyrë do të shmanget statusi i pabarabartë i njësive të vetëqeverisjes lokale në raport me subjektet që janë liruar nga pagesa e taksave gjyqësore.

Ligji për taksat gjyqësore (,,Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 114/09) në kapitull të veçantë i përcakton subjektet të cilat janë objekt i lirimit nga taksat gjyqësore në procedurat para këtyre organeve. Me nenin 10, paragrafi 1 e Ligjit të njejtë është përcaktuar: ,,nga pagesa e taksës janë liruar Republika e Maqedonisë, organet shtetërore, Organizata e Kryqit të Kuqë, si dhe shtetet e huaja, shtetasit e huaj dhe organizatat ndërkombëtare...".

Në subjektet e numëruara që janë liruar nga pagesa e këtij kompensimi, ligjdhënësi nuk i përfshin njësitë e vetëqeverisjes lokale dhe Qytetin e Shkupit. BNJVL është e mendimit se në këtë mënyrë ngarkohet buxheti i komunës dhe buxheti i Qytetit të Shkupit, e veçanërisht se me vendimin e tanishëm NJVL dhe Qyteti i Shkupit, që kanë kompetenca me interes publik për qytetarët, rëndësi lokale, vendosen në pozitë të pabarabartë në raport me subjektet tjera që janë liruar nga pagesa e taksave gjyqësore.

Gjatë shqyrtimit në detaje të zgjidhjes që propozohet, duhet të merret parasysh se komunat dhe Qyteti i Shkupit kompetencat e tyre i realizojnë me burime të kufizuara të të ardhurave buxhetore, me ç'rast me vendimet paraprake, respektivisht me Ligjin e vjetër për taksa gjyqësore (,,Gazeta Zyrtare e RSM nr. 46/90, 11/91" dhe „ Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 65/92, 20/95, 48/99 и 27/06) që përfundoi së vazhduari me hyrjen në fuqi të Ligjit të ri, komuna është e liruar nga obligimi për pagesën e kësaj takse si lirim legjitim i përcaktuar nga ngarkesa financiare e buxhetit komunal sipas kësaj baze.

